Друштво за трговија и услуги
СЕН ФУД СКОПЈЕ ДОО увоз-извоз
Бр. 0306/191
19.09 2025 год.
СКОПЈЕ

**ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА**
**"ETI - Биди смел, наградата е цел"**

Согласно Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „ Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 251/22 и бр.168/24) се утврдуваат следните правила:

**1. Назив и седиште на трговското друштво кое е организатор на наградната игра**

Приредувачот на наградната игра „ETI – Биди смел, наградата е цел" е Друштво за трговија и услуги СЕН ФУД Скопје ДОО Скопје, со седиште на Ул. Петар Ацев бр.6-2 Скопје.

**Член 1**

Со овие Правила се утврдуваат општите услови за приредување наградна игра „ETI – Биди смел, наградата е цел" (во понатамошниот текст: наградна игра), со кои се определуваат начинот, постапката за учество, условите за учество, испраќањето на бројот на фискалната сметка и извлекувањето на наградите за наградната игра што ја организира СЕН ФУД Скопје ДОО Скопје, со седиште на Ул. Петар Ацев бр.6-2 Скопје.

**2. Производи заради чие рекламирање се приредува наградната игра**

**Член 2**

„ETI – Биди смел, наградата е цел" е наградна игра чија цел е рекламирање на производите од брендот ETI.

**3. Име, опис и времетраење на наградната игра**

**Член 3**

Името на наградната игра е „ETI – Биди смел, наградата е цел". Тоа е наградна игра во која што се испраќа бројот на фискалната сметка на која што има купени производи (ETI DARE WAFER, DARE HZLNT CR & PEANUT, DARE COCOA CR & PEANUT, DARE MILK CHOCOLATE BAR WITH CARAMEL AND BISCUIT, DARE MILK CHOCO PEANUT BAR, DARE MILK CHOCOLATE WITH PISTACHIO, DARE MILK CHOCKOLATE WITH HAZELNUTH, DARE WHOLE GRAINS MILK CHOCOLATE, DARE BISCUIT MILK CHC. & COCONUT, TUTKU, P.BEURRE, PETIT BEURRE, PB KAKAOLU, CICIBEBE CLASSIC, CICIBEBE FAMILY, CICIBEBE MAXI, PUF COCONUT, PUF STRAWBERRY, PUF COCOA, PUF RAINBOW, CIN ORANGE, CIN STRAWBERRY, CIN COCOA, CIN ORANGE JELLY BISCUIT, POPKEK MINI BAGS LEMON & POPEYE, POPKEK MINI BAGS ORANGE & COCOA, POPKEK PATISSERIE COCOA, POPKEK PATISSERIE MOSAIC, POPKEK PATISSERIE GRAPES, POPKEK CARAMEL, POPKEK COCONUT, POPKEK LEMON, POPKEK BANANA, POPKEK COCOA, POPKEK MINI LEMON, POPKEK MINI BANANA, POPKEK MINI COCOA, POPKEK DARK CHOCOLATE, BROWNI MINI COCOA, BROWNI MINI CHERRY, BROWNI MUFFIN COCOA, BROWNI INTENSE, BROWNI INTENSE BAG, CRAX RUSK BREAD CLASSIC, CRAX RUSK BREAD SALT-FREE, PETIT BEURRE COCOA CREAM, CRAX SESAME STICKS, CRAX SESAME STICKS, CRAX STICKS SPICY, CRAX STICKS HERBS, CRAX STICKS CHEESE, CRAX STICKS HERBS, CRAX STICKS CHEESE) Наградната игра започнува на 06.10.2025 и ќе трае до 23.11.2025 година.

**4. Опис и содржина на потврдата врз чија основа се стекнува право на учество во наградната игра**

**Член 4**

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
VI

Право на учество се стекнува со купување на ETI производи и испраќање на број на фискална сметка. Број на фискална сметка во смисла на овие Правила, е фискалната сметка издадена од продажен објект на територијата на Република Северна Македонија. На истата се наоѓаат купени ETI производи, од било кој производ, опишани во член 3 од овие Правила, во износ од најмалку 100 денари со ДДВ. Фискалната сметка која што е добитник на една од наградите, учесникот во наградната игра е должен да ја чува до утврдување на вистинитоста на истата.

## 5. Територија на која се приредува наградната игра, односно на која се врши уплатата за учество во наградната игра

### Член 5

Наградната игра се приредува на целата територија на Република Северна Македонија.

## 6. Податоци за наградите во наградната игра и вкупниот фонд на добивка и поединечни вредности на секоја награда од фондот на награди и вкупна вредност на фондот на награди, искажани во денари.

### Член 6

Наградите во наградната игра се:

| Артикл | Кол | Поединечна цена | ДДВ ставка | ДДВ | Износ со ДДВ | Вкупно ДДВ | Износ со данок |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Peugeot 2008 Style 1.2 PureTech 8-speed Automatic | 1 | 1.125.493,22 | 18% | 202.588,78 | 1.328.082 | 202.588,78 | 1.328.082,00 |
| iPhone 16 | 6 | 41.819,49 | 18% | 7.527,51 | 49.347,00 | 45.165,05 | 296.082,00 |
| Virtual Reality Advanced All-In-One Headset Meta Quest | 6 | 20.338,14 | 18% | 3.660,86 | 23.999,00 | 21.965,19 | 143.994,00 |
| Velosiped XDS Hacker 350 | 6 | 11.864,41 | 18% | 2.135,59 | 14.000,00 | 12.813,56 | 84.000,00 |
| Маици | 300 | 350,00 | 18% | 63,00 | 413,00 | 18.900,00 | 123.900,00 |
| Пакет производи | 300 | 270,64 | 5% | 13,53 | 284,17 | 4.059,55 | 85.251,00 |

Вкупно за сите седум недели додека трае наградната игра се доделуваат 619 награди со вкупна вредност од 2.061.309,00 денари. Персоналниот данок се уплаќа од страна на Приредувачот.

## 7. Услови за учество во наградната игра

### Член 7

Право на учество во наградната игра „ETI – Биди смел, наградата е цел“ имаат сите лица над 18 години, кои купиле било кои производи од ETI во износ од 100 денари со ДДВ, односно лица кои што го испратиле бројот од фискалната сметка, датумот и времето на купување, на телефонскиот број 148 900 без користење на префикс, од било кој мобилен оператор во Р.С Македонија, или електронски преку ВЕБ страницата nagradna.senfoodskopje.mk и кои ги исполнуваат условите од Член 4.

Напомена: Во фискалната сметка треба читко да бидат наведени производите од ETI

**8. Тек на постапката на приредувањето, односно спроведувањето на наградната игра**

**Член 8**

Учесник во наградната игра е секој што ќе купи било кои од производите од ETI, во износ од 100 денари и ќе испрати преку СМС порака на телефонскиот број 148 900 (да се внесе бројот од фискалната сметка, празно место, датумот кога се купени производите, празно место, времето кога се купени производите) или да се регистрира електронски преку ВЕБ страницата nagradna.senfoodskopje.mk (да се внесе име и презиме,адреса, телефонски број и број на фискална сметка). Цената на СМС пораката изнесува 5,9 ден со вклучен ДДВ, а регистрацијата на ВЕБ страницата nagradna.senfoodskopje.mk е бесплатно. Со учество во наградната игра, учесниците потврдуваат дека се целосно запознаени со одредбите на овие Правила и ја изразуваат својата согласност за прифаќање на истите. Малолетни лица немаат право да учествуваат во наградната игра. Секој учесник во наградната игра е должен да ја чува фискалната сметка со купени ETI производи, која води до утврдување на вистинитоста на истата. Едно лице, во наградната игра, може да учествува неограничен број пати но со користење на различни фискални сметки.

Повратните одговори се следните:

- Кога учесникот праќа целосно/точна порака (број на фискална сметка, датумот (ден, месец) и времето на купување напишано на сметката (час, минута системот испраќа одговор дека испраќачот е регистриран за учество во наградната игра и треба да ја чува фискалната сметка за доказ, доколку добие награда.
- Доколку учесникот испрати нецелосна порака, системот испраќа одговор дека испратената порака не е валидно форматирана и ќе содржи пример како треба да изгледа пораката.
- Доколку се испрати празна порака, системот испраќа одговор дека пораката е празна и дека е потребно да се изврши правилна регистрација
- Доколку бидат испратени податоци со претходно испратен број на издавање на фискалната сметка, датумот (ден, месец) и времето на купување напишано на фискаланата сметка (час, минута) системот испраќа одговор дека испратениот број е веќе искористен
- Доколку биде испратена порака пред почетокот на наградната игра, системот испраќа одговор на лицето што се обидело да се регистрира, дека наградната игра сеуште не е започната.
- Доколку биде испратена порака по завршувањето на наградната игра, системот испраќа порака дека наградната игра е завршена.

**9. Место, време, начин, постапка и контрола на извлекување на наградите, односно на определување на добивките и добитниците.**

**Член 9**

Сите СМС пораки и регистрации преку веб се собираат и од нив се извлекува добитникот.
Доибитниците на наградите во наградната игра ќе бидат извлечени по случаен избор, преку софтвер кој

е изработен од ТД ТЕРА КОМУНИКЕЈШНС ДООЕЛ Скопје, ул. 11-ти Октомври бр. 25 кат 7, Скопје и се наоѓа на наведената адреса. Првото неделно извлекување на наградите ќе се случи на 20.10.2025 на кое ќе се доделат 1x IPHONE 16, 1x Велосипед, 1 x Virtual Reality Advanced All очила, 50 маици и 50 пакети ETI производи, во 12:00 часот.

- Второто неделно извлекување на наградите ќе се случи на 27.10.2025 на кое ќе се доделат 1 x IPHONE 16, 1 x Велосипед, 1 x Virtual Reality Advanced All очила, 50 маици и 50 пакети ETI производи во 12:00 часот
- Третото неделно извлекување на наградите ќе се случи на 03.11.2025 на кое ќе се доделат 1 x IPHONE 16, 1 x Велосипед, 1 x Virtual Reality Advanced All очила, 50 маици и 50 пакети ETI производи во 12:00 часот
- Четвртото неделно извлекување на наградите ќе се случи на 10.11.2025 на кое ќе се доделат 1 x IPHONE 16, 1 x Велосипед, 1 x Virtual Reality Advanced All очила, 50 маици и 50 пакети ETI производи во 12:00 часот
- Петото неделно извлекување на наградите ќе се случи на 17.11.2025 на кое ќе се доделат 1 x IPHONE 16, 1 x Велосипед, 1 x Virtual Reality Advanced All очила, 50 маици и 50 пакети ETI производи во 12:00 часот
- Главното извлекување на наградите ќе се случи на 24.11.2025 на кое ќе се доделат 1 x IPHONE 16, 1 x Велосипед, 1 x Virtual Reality Advanced All очила, 50 маици и 50 пакети ETI производи како и главната награда Peugeot 2008 Style 1.2 PureTech 8-speed Automatic во 12:00 часот

Временската рамка за учество на фискалните сметки во наградната игра е следна: регистрираните фискални сметки од 06.10.2025 од 00.00.01ч. учествуваат во сите следни извлекувања кои ќе се организираат според опис во член 9, како и во извлекувањето на главната награда без обзир на тоа дали се добитници или не на некоја награда од неделните извлекувања.

Добитниците на наградите ќе бидат извлекувани поединечно по наведениот редослед опишан во член 9 со софтвер подготвен за таа намена. Добитникот (добитниците) ќе биде известен на добитниот телефонски број преку СМС порака. Дополнително, во рок од 3 работни дена, истиот ќе биде исконтактиран од Приредувачот на наградната игра СЕН ФУД Скопје ДОО Скопје

### 10. Начин на објавување на резултатите, односно добитниците на наградите

### Член 10

Врз основа на записникот од Член 8 од овие Правила, се составува Извештај за резултатите од извлекувањето и од утврдувањето на наградите по број. Извештајот од извлекувањата се објавуваат во рок од 3 дена од денот на секое извлекување на официјалната веб страна за наградната игра на ETI, http://nagradna.senfoodskopje.mk/ и профилите на социјалните мрежи на ETI и DARE (Фејсбук и Инстаграм). Комисијата за утврдување на веродостојноста на спроведувањето на целокупната наградната игра, ја утврдува трichлена комисија составена од: 2 члена од организаторот на наградната игра односно СЕН ФУД Скопје ДОО Скопје и еден од ТД ТЕРА КОМУНИКЕЈШНС ДООЕЛ Скопје.

### 11. Начин на предавање, односно остварување на добивката

### Член 11

Доделувањето на наградите се врши во просториите на Приредувачот на наградната игра, односно СЕН ФУД Скопје ДОО Скопје, со седиште на Ул. Петар Ацев бр.6-2 Скопје, по објавувањето на Извештајот. За подигање на наградите, Добитникот е должен да предаде (валиден документ за идентификација) лична карта за докажување на идентитетот и добитната фискална сметка (неоштетена и во оригинал) со која добитниците ги купиле производите на ETI. Предавањето на наградта се врши по утврдување на полноважноста на условите од Член 4 од овие Правила.

- Доколку добитникот не ја сочувал добитната фискална сметка во оригинал истиот ќе биде дисквалификуван и наградата ќе се додели на првиот резервен добитник
- Доколку добитникот од која било причина не е во можност да ја подигне наградата, може да назначи лице кое ќе го стори тоа во негово име со Нотарски заверено полномошно, со приложување на потребните документи за идентификација и приложена фискална сметка (неоштетена во оригинал) од купените производи на ETI која добитникот ја испратил во СМС пораката.
- Доколку во рок од 30 (триесет) дена од објавувањето, добитникот не ја подигне наградата, наградата станува неважечка и добитникот нема право да ја подигне истата.
- Доколку добитникот го откаже подигнувањето на наградата од која било причина, должен е за истото да го извести Приредувачот - СЕН ФУД Скопје ДОО Скопје.

**12. Рок во кој се врши предавање, односно остварувањето на добивката**

**Член 12**

Предавање на наградите се врши во рок од 30 (триесет) дена од објавувањето на Извештајот за резултатите и за добивките од играта.

**13. Начин на запознавање на учесниците во наградната игра со правилата на игра**

**Член 13**

Приредувачот е должен да ги објави правилата на игра на веб страницата на Приредувачот односно nagradna.senfoodskopje.mk. Исто така, приредувачот и во тек на траењето на наградната игра постојано ќе ги информира играчите за правилата за учество преку рекламните пораки во електронските и пишаните медиуми. На телефонскиот број 077 516 274, секој работен ден во период од 09.00 до 16.00 часот, заинтересираните можат да добијат дополнителни информации за наградната игра.

**14. Рок во кој незадоволниот учесник во наградната игра има право да поднесе приговор**

**Член 14**

Доколку учесникот во наградната игра, смета дека е оштетен на било кој начин, има право да поднесе Приговор до Приредувачот во писмена форма на адреса Ул. Петар Ацев бр.6-2 Скопје и тоа најдоцна во рок од 3 дена од објавата на секој Извештај во јавните гласила. По основ на овој Приговор, Приредувачот е должен да се изјасни во рок од 7 дена од добивањето на истиот.

Евентуално недоразбирање ќе се решава во духот на добрите обичаи и спогодбено, во спротивно надлежен е Основен граѓански суд Скопје со примена на важечките закони на РСМ.

**15. Одговорност**

**Член 15**

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
VI

- Целокупниот награден фонд ќе биде обезбеден од страна на Приредувачот - СЕН ФУД СКОПЈЕ ДОО Скопје.
- Со плаќањето на персоналниот данок и преземањето на наградите, престануваат понатамошните обврски на СЕН ФУД СКОПЈЕ ДОО Скопје спрема добитниците,
- Приредувачот нема никаква одговорност која може да произлезе од користењето на наградите, како и плаќање на штета или тужба кои на некаков начин се поврзани со користењето на наградите.
- Со самото учество во наградната игра учесникот се согласува доколку биде извлечен за некоја од наградите, неговите лични податоци да бидат јавно објавени,
- Приредувачот не одговара во случај кога добиената награда не може да биде дадена или искористена поради неможност потенцијалниот добитник или негов претставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови или поради други технички или правни пречки врзани со конкретниот добитник или негов претставник и поради околностите предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности,
- Во случај на печатни грешки во рекламните материјали Приредувачот нема да се смета за одговорен.

**16.Прекинување на наградната игра**

**Член 16**

- Наградната игра може да биде прекината во случај согласно Член 9 од законот за игрите на среќа и забавните игри од причина, виша сила, како и вклучувајќи ја неможноста Приредувачот - СЕН ФУД Скопје ДОО Скопје да ја изведе наградната игра поради причини независни од неговата волја по добиена согласност од Министерството за финансии.
- Во овој случај Приредувачот - СЕН ФУД Скопје ДОО Скопје треба да ги информира потрошувачите за прекинувањето на наградната игра, истото ќе го направи со соопштение во медиумите.

**17.Обработка на лични податоци**

**Член 17**

- Приредувачот - СЕН ФУД Скопје ДОО Скопје, ќе ги користи и обработува личните податоци на добитниците исклучиво за целите на наградната игра.
- Личните податоци и тоа: име и презиме, телефонски број, улица, број, поштенски код, град, како и лична карта на увид, од добитникот се бараат заради проверка на правото за учество во наградната игра.
- Личните податоци на добитниците нема да се користат за други цели, освен со изречна согласност на учесникот, која учесникот може да ја даде на Приредувачот - СЕН ФУД Скопје ДОО Скопје.
- Приредувачот - СЕН ФУД Скопје ДОО Скопје се обврзува дека нема да ги проследува личните податоци на трети лица, освен доколку е тоа потребно за изведување на наградната игра.
- Личните податоци на учесниците во наградната игра ќе се користат само во согласност со Законот за заштита на лични податоци.

**18. Забрана за учество во наградната игра на вработените кај Приредувачот, како и членови на нивните потесни семејства**

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
VI

**Член 18**

Сите вработени кај Приредувачот на наградната игра, како и членовите на нивните потесни семејства, немаат право на учество во наградната игра.

**19.Завршни одредби**

**Член 19**

Со исполнување на правилата за учество во наградната игра, учесниците ги прифаќаат одредбите од овие правила. Овие правила се задолжителни за учесниците и истите ќе се применуваат по добивање на согласност од Министерството за финансии на РСМ и по нивното јавно објавување, а ќе важат до завршување на наградната игра, односно завршување на рокот за подигнување на наградите.

Приредувач,
СЕН ФУД Скопје ДОО Скопје
Управител
Ерсин Мусли

Бр. 0306/191
Скопје, 19.09.2025